**20192323624**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 15 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 ноември 2019 година, донесе

**ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ЗА 2019 ГОДИНА**

I

Во Програмата за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2019) во делот I табелата се менува и гласи:

„

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | 8.383.229,00 |
| | | |
| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | 50.220.845,00 |
| | | |
| 3. | Техничка помош | 500.000,00 |
| | | |
| 4. | Пилот проекти | 2.000.000,00 |
| | | |
| 5. | Развој на нови пазари и промотивни кампањи | 500.000,00 |
| | | |
| 6. | Нереализирани обврски по однос на склучени договори и поднесени барања за исплата на средства од Програмите за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата за 2017 и 2018 година | 28.395.926,00 |
| | Вкупно | 90.000.000,00 |

“.

II

Во делот II во ставот (1) во воведната реченица износот „13.000.000,00“ се заменува со износот „8.383.229,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| 1. | Финансиска поддршка во рибарството | | |
|---|---|---|---|
| | Мерка | Опис | Средства |
| | | | |
| 1.1. | Финансиска поддршка за порибување на риболовни подрачја | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| | - Дојранско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | - Преспанско Езеро со подмладок од крап | | 750.000,00 |
| | | | |
| 1.2. | Финансиска поддршка за порибување на води без концесионер и риболовни зони | 100% од вредноста на набавениот подмладок | 500.000,00 |
| | -води без концесионер со подмладок од пастрмка и крап | | 300.000,00 |
| | - риболовни зони | | 200.000,00 |
| | | | |
| 1.3. | Риболовни пунктови – изградба на нови, реконструкција и адаптација на постоечки риболовни пунктови, надомест за услуга за користење на постоечки пунктови | 100% од вредноста на инвестицијата или од надоместот за услугата | 100.000,00 |
| | | | |
| 1.4. | Финансиска поддршка за рехабилитација на риболовни води со доградба, надградба и опремување на постоечките капацитети/мрестилишта за производство на репродуктивен и порибителен материјал | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 3.783.229,00 |
| | | | |
| 1.5. | Изградба и реконструкција на мандри за традиционален лов на риба на Дојранското Езеро | 100% од прифатливи/одобрени трошоци | 1.000.000,00 |
| | | | |
| 1.6. | Дополнителна заштита на рибите во риболовните води | 100% од прифатливи трошоци | 1.500.000,00 |
| | Вкупно | | 8.383.229,00 |

“.

III

Во делот III во ставот (1) во воведната реченица износот „49.000.000,00“ се заменува со износот „50.220.845,00“.

Табелата се менува и гласи:

„

| 2. | Финансиска поддршка во аквакултурата | | |
|---|---|---|---|
| | Мерки | Опис | Средства |
| | | | |
| 2.1. | Финансиска поддршка за инвестиции во аквакултурата | 50% од вредноста на инвестицијата | 16.220.845,00 |
| 2.2. | Финансиска поддршка за порибителен материјал | 40% од вредноста на набавениот или сопствен подмладок | 34.000.000,00 |
| | Вкупно | | 50.220.845,00 |

“.

IV

Во делот VII износот „25.000.000,00“ се заменува со износот „28.395.926,00“.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-8469/1
5ноември2019година
Скопје

Претседател на Владата
наРепубликаСевернаМакедонија,
**Зоран Заев,** с.р.